Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 03-615/2
17-06-2025
20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]енералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-615/1 од 16.06.2025 година.

## Образложение

На 16.06.2025 годин[redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-615/1 од 16.06.2025 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. **Службена белешка** со која бил затворен предметот заведен во Инспекциски освет под бр. УПП 16-104/2025, како што е наведено во службениот документ со наслов „ИЗВЕСТУВАЊЕ" заведен во Инспекциски совет под бр. УПП 16-104/2025 од 13.06.2025 година.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта, препис и во форма на електронски запис на посочената е-адреса ([redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, Службена белешка бр. УПП 16-104 од 17.04.2025 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет

Изработил: Маја Срезоска, раководител на Сектор